КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ZYRA E KRYETARIT TË QEVERISË SË REPUBLIKËS SË MAKEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 08-14191/1
13-08-2024 20 год.-viti
Скопје-Shkup

Здружение на општини Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија
Shoqata e komunave Bashkësia e njësive të vetëqeverisjes lokale të Republikës së Maqedonisë së Veriut
ЗЕЛС - BNJVL
Бр.-Nr. 0202-558
13.08 2024 год.-viti
Скопје-Shkup

Како израз на подготвеност за заедничко јакнење на системот на локалната самоуправа во нашата држава,

Заради обезбедување на квалитетни услуги за граѓаните, стабилни и независни единици на локалната самоуправа,

Со цел обезбедување транспарентност, отчетност, одговорност, посветеност и лојалност во својата работа,

Имајќи ги во предвид огромните предизвици со кои се соочува локалната самоуправа во нашата држава,

Посветени на силната взаемна соработка,

Двете страни го склучија следниот:

# МЕМОРАНДУМ
## за меѓусебна соработка и разбирање

склучен во Скопје на 13.08.2024 г.

Помеѓу:

Владата на Република Северна Македонија,
претставувана од Претседателот на Владата г. Христијан Мицкоски

и

Здружение на општини Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија – ЗЕЛС,
претставувана од Претседателот на ЗЕЛС г. Орце Ѓорѓиевски,

со следната содржина:

### ГЛАВА I
предмет и начела

Член 1

Овој Меморандум за соработка се склучува како израз на континуитет на досегашната соработка, претставува дефиниција на формите и начините на идната соработка, ги утврдува приоритетите и идните проекции на развојот на системот на локалната самоуправа во Републиката.

Член 2

Двете страни ги реафирмираат начелата на Меморандумот за соработка склучен помеѓу нив на ден 5 март, 2003 година и со овој документ отвораат ново поглавје на продлабочена взаемна соработка со дополнително дефинирање на начелата и принципите на кои ќе се заснова истата.

Член 3

Овој Меморандум се склучува во духот на меѓусебното разбирање, препознавање на ЗЕЛС како релевантен и единствен претставник на сите единици на локалната самоуправа во Републиката од страна на Владата, а ЗЕЛС во иста мера ја афирмира институцијата Влада на Република Северна Македонија како еден од органите преку кој ќе ги остварува своите заложби и цели за кои е формирана.

Член 4

Двете страни се согласни дека своите концепти, проекции и политики взаемно ќе ги респектираат, но дека нема да преземаат мерки на било која форма на политички или институционален притисок со штетни и долгорочни последици по обете страни, освен вообичаените форми на лобирање и застапување и информирање на јавноста преку средствата за јавно информирање.

Член 5

Владата на Република Северна Македонија, како орган кој ги спроведува мерките, механизмите, програмите и тековно се грижи за примена на прописите, ги креира и имплементира политиките преку своите ресорни Министерства, а истовремено е носител на својството на овластен предлагач на содржината на предлог – прописите кои се доставуваат до Собранието на Републиката, со овој Меморандум се обврзува при носењето на секоја мерка, пропис, иницијатива за донесување на нов или изменување и дополнување на постоен пропис задолжително да изврши претходна консултација и да обезбеди мислење од ЗЕЛС за сите прашања кои се однесуваат на системот на локалната самоуправа во нашата држава.

## ГЛАВА II
област на соработка, форма и начин

### Член 6

Двете страни се согласни дека соработката на начин утврден со овој Меморандум ќе се однесува на сите области во надлежност на единиците на локалната самоуправа.

### Член 7

Владата и ЗЕЛС заеднички декларираат дека се согласни да спроведат поголем обем на децентрализација на власта како политички процес кој правно ќе заврши со пренесување на голем опфат на надлежности од државните органи на управата во надлежност на единиците на локалната самоуправа кои со тоа ќе станат единствено надлежни органи.

Во контекст на ставот 1 на овој член, двете страни се согласни да работат на формите на обезбедување на ефикасен и брз начин на контрола и надзор врз работата на општините заради нивното постапување на начин утврден со Закон и други прописи.

### Член 8

Двете страни заеднички ќе работат на утврдување на содржината на нацрт прописите со кои ќе се спроведе процесот од членот 7 на овој Меморандум преку ефикасна консултација и размена на концепти и предлози за конкретни норми.

### Член 9

Заради остварување на целите на соработката, двете страни се согласни да изготвуваат годишна програма на приоритетни активности кои ќе бидат цел за реализација во тековната година.

### Член 10

Реализацијата на целите и заложбите утврдени со овој Меморандум ќе се спроведува преку формирање на работни тела или мешовити Комисии во кои покрај избрани претставници и функционери учество ќе земат и претставници од стручната администрација и надворешни експерти.

Двете страни ќе го применат моделот на анализа и имплементирање на меѓународни позитивни пракси на докажано успешно функционирање на системот на локална самоуправа во дадената област.

Член 11

Двете страни се согласни дека процесот на децентрализација треба да биде приоритетно проследен со обезбедување на зголемен обем на директни дотации и изворни приходи на секоја единица на локалната самоуправа.

Член 12

Моделот на обезбедување на финансиски средства како приход за општините преку утврдениот процент од прибраните средства по основ на данокот на додадена вредност (ДДВ) и персоналниот данок на доход ќе биде предмет на взаемно усогласување во постојан нагорен тренд на утврдениот процент наменет за локалната самоуправа.

Член 13

Двете страни се согласуваат дека секоја година треба да се организираат буџетски преговори, помеѓу ЗЕЛС и министерство за финансии, каде ќе се усогласат ставовите, потребите и можностите на централната и локалната власт.

Член 14

Двете страни се согласни дека средствата наменети за капитални инвестиции треба да бидат изворни трансфери на средства со соодветна намена.

Член 15

Двете страни ќе изнајдат форма на постојана консултација заради надминување на прашања од праксата поврзани со прописите од областа на урбанистичкото планирање, градењето и управувањето со градежното земјиште.

Член 16

Двете страни се согласни дека нити еден од прописите од областа на урбанистичкото планирање, градење или градежното земјиште нема да биде изменет и дополнет или изготвувањето на нов текст на предлог – закон или друг пропис, без претходна консултација со ЗЕЛС.

Член 17

Двете страни го афирмираат ставот дека донесувањето на урбанистички планови и урбанистичко – планска документација е услов за остварување на проектираниот развој, заради што двете страни ќе го стават ова прашање како највисок приоритет.

Член 18

Двете страни се согласни да утврдат коефициент на корекција на наменските и блок дотациите кој автоматски би се одразувал во пресметката на износот на дотацијата, како коректор на недостаток на средства поврзани со непредвидени околности од секаков вид.

Член 19

Двете страни ќе работат на обезбедување на систем на јакнење на капацитетите на локалната јавна администрација преку тековни обуки по области, а ЗЕЛС го става на располагање сопствениот тренинг центар како сопствена организациска единица во изработување на годишните програми и реализација на предвидените планови за годишно јакнење на капацитетите.

Член 20

Владата со овој Меморандум се обврзува дека размената на стручно технички знаења, презентации преку обуки или презентации на новини во прописите во областите од надлежност на локалната самоуправа ќе ја врши со номинација на државни службеници од поединечните институции и без надомест за нивниот ангажман.

Член 21

Двете страни се согласни да воспоставaт пракса на одржување на заеднички седници на Владата и Управниот одбор на ЗЕЛС на која ќе се изврши консултација за прогресот, тековните приоритетни прашања и анализа на проблемите со кои се соочуваат општините во Републиката.

Двете страни се согласни да одржат најмалку една заедничка седница во текот на една година.

Член 22

Двете договорни страни се согласни да соработуваат на меѓународни проекти со предзнак за поддршка на локалната самоуправа, особено на проекти поддржани од Европската унија и други признати меѓународни организации.

Член 23

Овој Меморандум за соработка се склучува на неопределено време до склучување на нов ваков документ.

Член 24

Овој Меморандум може да се измени и дополни во секое време со склучување на Меморандум за изменување и дополнување на овој Меморандум склучен од двете страни.

Двете страни го задржуваат правото да истапат од Меморандумот за соработка со еднострано известување за таквата намера.

Член 25

Овој Меморандум е склучен во 4 (четири) еднообразни примероци, по два за двете страни потписнички.

страни потписнички на Меморандумот:

Влада на
Република Северна Македонија,
Претседател,

Христијан Мицкоски

Здружение на општини Заедница на единиците на локалната самоуправа – ЗЕЛС,
Претседател,

Орце Ѓорѓиевски